МЦМС и Телевизија Телма го проверуваа јавното мислење за бегството на поранешниот премиер Никола Груевски како и за изречените мерки притвор за неговите блиски соработници кои уследија по бегството. Истражувањето покажа дека **мнозинство од граѓаните (52,3%) не го одобруваат политичкиот азил на поранешниот премиер Никола Груевски,**
за разлика од 21,1% кои го одобруваат. Поддршката е поголема кај етничките Македонци (25,8%), за разлика од етничките Албанци (11,9%).




Најголем број од испитаниците сметаат дека **политичкиот азил е со знаење на власта (44,4%)** , додека четвртина од нив сметаат поинаку. Етничките Албанци (53,5%) се повеќе склони да веруваат дека бегството се случило со знаење на власта, за разлика од етничките Македонци (42,1%).
**Најголемата одговорност за бегството испитаниците ја лоцираат во Министерството за внатрешни работи и Министерот Оливер Спасовски (21,4%).**
Вкупно 15,8% сметаа дека власта е најодговорна, додека 15.0% сметаат дека сите се одговорни што покрај МВР и министерот Спасовски, ја вклучува власта, судот и

унгарската власт.

Прашани за изречените мерки притвор за поранешниот прв разузнавач, Сашо Мијалков, за поранешниот министер за транспорт и врски, Миле Јанакиески и за поранешниот генерален секретар на Владата на Република Македонија, Кирил Божиновски, **најголем број од граѓаните (49,0%) сметаат дека тие имаат цел да ги спречат другите бегства**, додека секој петти смета дека тие се реванш за бегството на Никола Груевски. При тоа, етничките Албанци се побројни (57,4%) меѓу оние чиј став е дека станува збор за мерки за спречување на други бегства, а етничките Македонци се побројни меѓу оние со став дека станува збор за реванш за бегството на Никола Груевски.

За МЦМС и Телма, анкетата ја спроведе М-проспект. Податоците за анкетата беа прибирани со телефонска анкета во периодот од 21 до 27 ноември 2018 година. Анкетата е спроведена на национален репрезентативен примерок од 800 испитаници.

Истражувањето е дел од проектот „Топ тема на ваша страна“, што го поддржа УСАИД.